ОБРАЗЛОЖЕНИЕ
на кварталните извештаи на Буџетот на Општина Виница
за период од 01.01.2022-30.06.2022

Во **кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Виница**, е искажана реализацијата на приходите и расходите заклучно со 30.06.2022 година .

Вкупните приходи на Буџетот на Општина Виница на крајот на овој квартал изнесуваат 154.871.663 ,00 денари или 48,61% од вкупно планираните, од кои пренесениот вишок на приходи од претходната година изнесува 13.366.169 денари.

Приходите на Основниот буџет се остварени во износ од 44.247.289 ,00 денари или 41,90 % во однос на планираните.Од нив даночните приходи се остварени во износ од 20.246.179,00 денари или 42,05%, неданочните приходи се остварени во износ од 871.046,00 или 30,56 %, трансферите се остварени во износ од 20.927.295,00 или 52,02% (во овој износ влегува пренесениот вишок на приходи од претходната година во износ од 2.592.812,00 денари) и капиталните приходи се остварени во износ од 2.202.769,00 ден. или 15,31 % во однос на планираните.

Приходите од дотации се остварени во износ од 103.217.929,00 ден. или 51,70 %, приходите од самофинансирачките активности се остварени во износ од 6.120.479,00 денари или 53,35 % , и приходите од донации се остварени во износ од 1.285.966,00 денари или 68,47 % во однос на планираните.

Вкупните расходи на Буџетот се остварени во износ од 133.439.074,00 денари или 41,88% во однос на планираните.

Расходите на основниот буџет се остварени во износ од 41.241.732,00 денари или 39,05% , дотациите се остварени во износ од 89.628.307 денари или 44,89 %, самофинансирачките активности се остварени во износ од 1.753.141,00 денари или 15,28 % од планираното , донациите се остварени во износ од 815.894 денари или 43,44% .

Тековно оперативните расходи на вкупниот буџет се остварени во износ од 125.273.295,00 денари, што претставува остварување од 44,88 % во однос на планираните тековно оперативни расходи или 39,32% од вкупно планираните расходи во буџетот.

Од вкупните тековно оперативни расходи во :

- основниот буџет се реализирани 33.273.853 ден.
- наменска дотација се реализирани 89.480.407 ден.
- самофинансирачки активности се реализирани 1.703.141 денари и
- донациите се реализирани 815.894 денари

Капиталните расходи се остварени во износ од 8.165.779,00 денари, што претставува остварување од 20,69% во однос на планираните капитални расходи или 2,56% од вкупно планираните расходи во буџетот.

Од вкупните капитални расходи во:

- основниот буџет се реализирани 7.967.879 ден.
- наменска дотација се реализирани 147.900 ден.
- самофинансирачки активности се реализирани се 50.000 ден.

.

Во **кварталниот извештај за доспеани ненамирени обврски** заклучно со 30.06.2022 година се искажани доспеаните а неплатени обврски на Општина Виница во износ од 29.950.890,00 ден. Во овој износ влегуват и неисплатените надоместоци на советниците во износ од 1.264.196,00 денари, позајмицата од Републичкиот буџет од 6.000.000 денари а останатите се обврски спрема добавувачи. Недоспеаните обврски кои не влегуваат во овој извештај изнесуваат 3.310.816,00 ден.

Во **кварталниот извештај за промените на состојбата на секое задолжување** на општините и јавните претпријатија (КЗ), прикажано е задолжувањето само на Општина Виница и тоа по:

- Договорот за под-заем склучен со Министерството за финансии на РМ за заем од Светска банка за проект „Подобрување на општинските услуги“ т.е. за „Набавка на две специјални возила за собирање на комунален отпад“ во износ од 8.708.400,00 ден. за кого се повлечени средствата во вкупниот износ и исплатени на добавувачот.Во овој квартал општината немаше обврска за плаќање на главнина и камата.Долгот на крајот на кварталот изнесува 3.047.940,00 ден. и
- Договорот за под-заем склучен со Министерството за финансии на РМ за заем од Светска банка за проект „Подобрување на општинските услуги“ т.е. за „Изградба на улица „2008“ блок 12“ и за „Изградба на атмосферска канализација на улица „Браќа Миладинови“ и улица „Илинденска “ во износ од 43.606.046,00 ден. Во овој квартал општината немаше обврска за плаќање на главнина и камата. Долгот на крајот на кварталот изнесува 17.442.410,00 ден.

Јавните претпријатија основани од општината немаат земено кредити.